# КАКО ГРИЖАТА И НЕГАТА ЗА ДЕЦАТА ГИ СПРЕЧУВА ЖЕНИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДА БИДАТ ДЕЛ ОД РАБОТНАТА СИЛА?




Повеќе градинки

=

Помалку невработени жени



**Изготвиле:** Светлана Папачек, Александра Тодевска, Јоана Тренеска, Јасмина Трајчева, Ера Сулејмани.

**Ментори:** Алтинаи Мамбетова, School of Data, Нураи Мамитова, Ала Негрута, UN Women ECA RO.

Овој инфографик беше изготвен во рамките на Буткампот за родови податоци во Измир, Турција и претставува заеднички труд на организацијата „School of Data“, проектот на UN Women, „Инструмент за родова еднаквост“, во Северна Македонија и регионалната програма за Европа и Централна Азија, „Making Every Woman and Girl Count“(„Секоја жена и девојка е важна”). Ставовите изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и нужно не ги претставуваат ставовите на UN Women, Обединетите нации или некоја поврзана организација.

## Какви последици ќе има ова за семејствата, а особено за жените?



Само

**1 од 5**

деца на возраст од 0-3 години оди во градинка



Само

**1 од 3**

деца на возраст од 4-6 години е запишано во предучилишна установа.



**22%** од мажите

**46%** од жените

се економски неактивни



**Половина од жените на возраст од 15-64** години не се дел од пазарот на труд поради обврски поврзани со домот и со грижата и негата на децата, но ниту еден маж не е неактивен од тие причини.




**Повеќе од четвртина** од невработените жени не бараат работа поради тоа што треба да се грижат за своите деца.




Ниту еден маж не изјавил дека го напуштил работното место за да се грижи за своите деца, иако 6,1 % од жените ја навеле таа причина.

## Како може да се справиме со овој јаз?

### * Повеќе градинки



Во 2022 година во 113 градинки биле запишани **35.932** деца, но **многу деца** останале на листата за чекање.

За да му даде место на секое дете, Северна Македонија мора **двојно** да го зголеми бројот на градинки, а **трикратно** бројот на вработени.



Политиката за зголемување на бројот на градинки на долгорочен план е самофинансирачка.

Според процените од 2019 година, запишувањето на сите деца во градинки ќе резултира со најмалку 5% раст на БДП на годишно ниво поради зголемената вработеност, повисоката заработувачка и порастот на фискалните приходи.

### * Прераспределба на грижата и преструктурирање на работата



Инвестирањето во услуги за згрижување и воспитание на деца е едно од можните решенија. Како би можеле да го решиме проблемот поинаку?

- Вклучување на татковците во грижата и негата за децата
- Промовирање флексибилни работни места
- Воведување платено отсуство од работа за родители

**Извори на податоци:** МакСтат, Пресметки на авторите врз основа на податоци од Државниот завод за статистика, UN Women, 2019 г., Инвестирање во бесплатни универзални услуги за згрижување и воспитание на деца во Република Северна Македонија.